# Ревизорите годинава ќе „чешлаат“ стотина државни институции, АЕК една од најинтересните

03-02-2014 09:51:12

прочитано 255 пати

Tweet 1 Like 4 СПОДЕЛИ НА ПИНГ 0 **0** коментари

Државнот завод за ревизија годинава ќе го проверува работењето на Агенцијата за електронски комуникации. Но, освен оваа Агенција, согласно годишниот план за работа што веќе е донесен, ревизорите ќе го контролираат работењето во вкупно 99 државни институции, агенции и фондови – пишува Фактор.

„Извештајот за работата на Агенцијата за електронски комуникации, под раководство на директорот Роберт Ордановски е особено интересен поради серијата скандали што минатата година без врзани за Агенцијата. Имено лани, дури и Владата реагираше за начинот на кој во Агенцијата беа потрошени дури 20 илјади евра за новогодишна прослава. Владата побара – вработениите и директорот Роберт Ордановски да ги вратат парите од сопствените плати. По ваквата препорака што стигна од владата, раководството подоцна тврдеше дека сите пари потрошени за забавата се вратени назад“.

Но, освен скапата журка, Агенцијата за електронски комуникаци лани беше на удар од опозицијата и поради најавената изградба на Кула на Водно, односно антенски систем за контрола и мониторинг на радиофреквенции за територијата на целата држава. Опозицијата реагираше дека станува збор за премногу скап проект, кој дополнително станува се поскап. Односно, иако првично е најавено дека ќе чини 17 милиони евра, подоцна со анекс договор сумата се зголемува на 27 милиони евра.

Сега останува да се види што точно ќе утврдат ревизорите за работењето на оваа Агенција.

Ревизорите ќе го контролираат работењето и во Агенцијата за цивилно воздухопловство, Агенцијата за енергетика, како и во Агенција за администрација, Агенција за стокови резерви, но и Агенција за храна и ветеринарство.